Врз основа на член 61 и член 65 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ" бр.147/08 и 45/11) како и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.13/14 и 3/2019), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров - Скопје го дава следното:

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## За Јавна расправа и јавен увид по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина по ПРЕДЛОГ УПВНМ ВЕЛЕ ПОЛЕ, Општина Ѓорче Петров – Скопје

Се известуваат јавноста и невладините организации ,граѓаните и правните лица, дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на Јавна расправа и јавен увид по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на УПВНМ ВЕЛЕ ПОЛЕ, Општина Ѓорче Петров – Скопје, изработен од Enviro resources consulting company - Скопје.

Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Општина Ѓорче Петров–Одделение за Урбанизам и просторно планирање, на ул.Ѓорче Петров бр.10, Скопје и на веб страната на општината www.opstinagpetrov.gov.mk и ќе трае 30 дена сметано од денот на објавувањето во јавното гласило „Вечер"на веб страната на општината, од 16.04.2019 до 15.05.2019год.

Јавната расправа по Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина изготвен од Enviro resources consulting company - Скопје ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за состаноци)на ул.Ѓорче Петров бр.73, Скопје на 06.05.2019год. со почеток во 09 ч.

Во определениот рок заинтересираната јавност, правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да доставaт мислења по истиот на kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Број 09-1312/2**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ